Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57 - 19**
**Датум: 24.03.2025 година**

Архивски знак: / Shenja e arkivit: ____
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: ____
____20____ година / viti

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение на граѓани „Фолклорен Ансамбл Битола“ - , Битола (ФА-Битола) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Игњат Атанасовски“ бр. 15/11 Скопје |
| Адреса за е-пошта: | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | ТТК Банка – АД Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>**ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 20.03.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 21.03.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13:45 ч. |
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Министерство за култура и туризам, РСМ - Објект Нова Македонија, Скопје | | |
| Главна дејност на објектот– инсталацијата каде што се | Дејности на други организации врз база на зачленување наспомнати на друго место | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| врши надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методија“ бр. 54 Скопје |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Налогот ИП1 бр. 57-19 од 17.03.2025 г., издаден од главниот инспектор - раководител на Сектор за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам (во натамошниот текст: СУИН на МКТ).

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Маја Митревска, раководител на Одделение – виш инспектор за култура, при СУИН на МКТ.

**5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 265/24 ), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, во износ од 55.000 денари (од вкупно доделените 68.900 денари), за реализација на проектот – „Традиционален фолклорен концерт – 30 години јубилеј", согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 година, бр. 21-3534/1 од 12.03.2024 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

Инспекцискиот надзор се врши по Иницијатива бр. 21-1157/1 од 12.02.2025 г., поднесена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МКТ.

**Основ:** член 82 став (1) од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019 и 22/25 ).

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од следново лице:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| --- | --- | --- |
| | | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:**

| Име и презиме и својство | Телефон/меил |
| --- | --- |
| / | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10) При инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1.По поднесената Пријава бр. УП1 – 759/2023, на Годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 г., од областа на фолклорот за 2024 година, со Решение на министерот за култура УП1 - 759/2023 од 12.02.2024 г., прифатен е проектот - „Традиционален фолклорен концерт – 30 години јубилеј" на Здружението „ФА", Битола, а за чијашто реализација одобрени се средства во износ од 68.900 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-3534/1 од 12.03.2024 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорот за 2024 година, со кој што за реализација на проектот - „Традиционален фолклорен концерт – 30 години јубилеј" се одобрени 68.900 денари и тоа за следните намени: **сценографија и озвучување.**

ФА, Битола има доставено Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 21-3534/2 од 22.03.2024 г., како и Изјава за наменско користење на одобрените средства во прилог кон Образецот за оперативен и финансиски план доставен на истиот датум, за користење на буџетските средства за реализација на проектот во износ од 68.900 денари, по следните намени: **сценографија и озвучување.**


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во Оперативниот и финасиски план за реализација на проектот е наведено дека проектот ќе се реализира во Септември 2024 година во Битола.

Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 21-3534/3 од 05.04.2024 г., на жиро-сметката на ФА, Битола преведени се средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ во износ од 55.000 денари.

Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот на соодветен образец до МКТ да биде доставен наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, при надзорот е утврдено дека ФА, Битола до надлежниот Сектор за дејности на МКТ воопшто нема доставено Образец за наративен и финасиски извештај за реализација на проектот, имајќи предвид дека Проектот не е реализиран во делот на обезбедување на сценографија и озвучување, а за што според оперативниот и финансиски план за реализација на проектот биле преведени средствата во износ од 55.000 денари. **Оттука, од страна на Здружението „ФА", Битола, во текот на инспекцискиот надзор, однсоно на 21.03.2024 година, во Буџетот на РСМ се вратени преведените средства наменети за овој проект. На увид е презентирана соодветна уплатница од банката депонент како доказ за поврат на доделените средства во Буџетот на РСМ во наведениот износ.**

**Со оглед на горенаведеното, а имајќи предвид дека утврдената неправилност од страна на Здружението ФА, Битола, е отстранета во текот на инспекцискиот надзор, се запира инспекциската постапка согласно со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од коишто еден примерок е за потребите на ФА, Битола, а 3 (три) примероци се за потребите на СУИН на МКТ.

12)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

Забелешки на субјектот на надзорот:

-


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- ____________________________________________
- ____________________________________________.

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
|---|---|---|---|
| Датум: 26.03.2025 ___.03.2025г. | | Датум: | ___.03.2025 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.



Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk